ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
GOVERMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**СЕПТЕМВРИ – ОКТОМВРИ 2018**



## Директорот на ЦУК Агрон Буџаку присуствуваше на вежбата „Сеопфатен одговор Водно 2018“

**На 19.09.2018) година, во Домот на АРМ – Скопје, Директорот на ЦУК Агрон Буџаку, заменик министерот за одбрана, Беким Максути, заедно со командантот на Националната гарда на Вермонт, генералот Стивен Креј, министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, директорот на Генералштабот на АРМ, генерал мајор Зоран Милески, директорот на ДЗС, Аднан Џафероски како и останати високи претставници од државните институции и од НАТО канцеларијата за врски во Скопје присуствуваа на вежбата „Сеопфатен одговор Водно 2018“.**

**По завршување на посетата заменик министерот за одбрана, Максути, директорот на ЦУК, Буџаку и командантот на Националната гарда на Вермонт, генералот Креј дадоа изјава за медиумите.**

**Вежбата „Сеопфатен одговор - Водно 2018“ претставува национална командно-штабна вежба од областа на управувањето со кризи, која се реализира во периодот од 17-21.09.2018 година.**

**Оваа вежбовната активност е во организација на Министерството за одбрана на Република Македонија во соработка со Инженерискиот корпус на Армијата на Соединетите Американски Држави (US Army Corpsof Engineers), а целта е подобрување и зголемување на националните капацитети и интер-институционалната соработка при справувањето од природни или од човек предизвикани катастрофи.**

## Втора регионална средба за соработка на земјите од регионот во намалувањето на ризици од катастрофи и изградба на урбана отпорност



**На 15 и 16 октомври 2018 година, во хотелот Александар Палас во Скопје се одржа Втората регионална средба за соработка на земјите од регионот во намалувањето на ризици од катастрофи и изградба на урбана отпорност во соработка со Центарот за управување со кризи, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), и Центарот за развој на Југоисточниот регион.**

**На оваа средба учествуваа над 120 претставници од повеќе земји од Југоисточна Европа, претставници на УНДП од земјите од Југоисточна Европа, регионални организации за справување со кризи и кризен менаџмент и служби за цивилна заштита.**

**На Втората регионална средба за соработка на земјите од регионот во намалувањето на ризици од катастрофи и изградба на урбана отпорност беа споделени најдобрите искуства за намалување на ризиците од катастрофи и добри примери на регионална соработка во изградбата на урбана отпорност.**

**Регионалната средба е дел од проектот South East Europe Urban Resilience Building Action Network (SEE URBAN).**

## EADRCC вежба „СРБИЈА 2018“

**Центарот за управување со кризи, со свои преставници учествуваше на 18-тата вежба „СРБИЈА 2018“ што се реализира на почетокот од месец октомври (08-12.10.2018) во Младеновац, Република Србија. Настанот беше организиран од страна на Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи („EADRCC“) и Министерството за внатрешни работи на Република Србија.**

**Со учеството на вежбата „СРБИЈА 2018“ уште еднаш се потврди извонредната соработка на Центарот за управување со кризи и Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи („EADRCC“) и континуираната поддршка која ја дава НАТО на Република Македонија.**

**Република Македонија, беше претставена со вкупно 36 лица, од кои две од Центарот за управување со кризи и едно лице од Министерството за внатрешни работи, како дел од персоналот за поддршка. Додека, Дирекцијата за заштита и спасување зеде учество со два тима (USAR тим и тим за спасување на вода) сочинети од вкупно 33 лица кои активно извршуваа теренски задачи за време на вежбата. Со учеството на вежбата се потврди одличната соработка и координација во подготвителниот период помеѓу Центарот за управување со кризи кој беше координатор на административно-организациските активности и Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување кои дадоа придонес за достојно претставување на Република Македонија на овој настан од светски размери.**

**Главното сценарио на вежбата беше справување со последици од земјотрес, пропратено со технолошки несреќи и поплави во областа на општина Младеновац.**

**На вежбата учество зедоа 2000 лица од 40 држави.**

## ЦУК учествуваше на иницијалниот состанок на проектот “J-CROSS”, во Флорина, Р. Грција

**IPA CBC проект - „Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор“, “J-CROSS”**

**Центарот за управување со кризи на ден 22.10.2018 година во Флорина, Р. Грција како партнер во проектот „Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор“, “J-CROSS” зеде учество на иницијален состанок со цел започнување на планираните активности предвидени во проектната програма. Состанокот воедно се искористи како можност за дискутирање на сите отворени прашања по однос на активностите кои престојат се со цел успешна имплементација на проектот.**

**Проектот е добиен во рамки на ЕУ ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција 2014 – 2020 година (IPA Cross Border Cooperation), каде покрај Центарот за управување со кризи, вклучени се следните институции од Р. Македонија и Р. Грција:**

- **Регион на Западна Македонија – главен носител на пректот (Р.Грција);**
- **Центар за развој на Пелагониски плански регион (Р. Македонија);**
- **Универзитет „ Аристотел “ – Солун (Р.Грција);**
- **Национална Техничка Опсерваторија – Атина (Р.Грција).**

**Главна цел на проектот е, намалување на ризиците од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор во регионите на Западна Македонија и Пелагонија.**
**Период на реализација, 04.07.2018 – 03.01.2020.**



## Тактичко показна вежба за евакуација на вработените во општинската зграда - Струмица

**На ден 20.09. 2018 година се спроведе тактичко показна вежба за евакуација на вработените во општинската зграда-Струмица, во случај на елементарна непогода земјотрес и извлекување на заглавени лица од сообраќајна незгода. Во вежбата учествуваа: Центарот за управување со кризи - РЦУК-Струмица, Дирекцијата за заштита и спасување - ПО Струмица, Црвен крст Струмица со свои доброволци, Територијалната противпожарна единица -Струмица, Итната медицинска помош и СВР Струмица.**

**Целта на вежбата беше да се направи проверка на вработените во општинската администрација, како и на пожарникарите кои се дел од силите за заштита и спасување на општина Струмица, да се подигне свеста кај граѓаните за сите можни катастрофи и кризи кои може да се случат и при тоа беше одбележан Светскиот ден на Првата помош.**

**Мотото на Црвениот Крст е „Секој треба да знае да дава прва помош, а за тоа не ни треба лиценца. Сакаме да и порачаме на заедницата дека барем еден член од нашето семејство треба да биде обучен да знае да дава Прва помош.“ Вежбата заврши успешно, а пожарникарите за кратко успеаа да ги извлечат „повредените“ од автомобилот со користење на специјални алатки за отстранување на делови од возилото.**

## Работилница за градење на капацитетите на локално ниво во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“



На ден 05.10.2018 година во Хотел Сириус -Струмица во организација на Центарот за развој на Југоисточниот Плански регион се одржа четвртата работилница за градење на капацитетите на локално ниво во рамките на проектот „Градење на акциска мрежа за урбана отпорност во Југоисточна Европа“, кој ја имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) , финансиран од Програмата за цивилна заштита и хуманитарна помош (DG ECHO) во земјите од Југоисточна Европа.

Целта на овој состанок беше претставување на предлог Македонскиот модел за акциска мрежа на локално ниво и презентација на моделот за меѓуопштинска соработка на општините од Полошкиот регион а се дискутираше и за претстојната регионална конференција која ќе се оддржи на 15 и 16 октомври во Скопје.

На состанокот присуствуваа претсавници од УНДП, Центарот за развој на Југоисточен плански регион, градоначалниците од општините Струмица, Радовиш и Конче, претставници од десетте локални самоуправи во Југоисточниот регион, ЦУК , ДЗС и Црвен крст, како и останати заинтересирани кои работат на проблематиката за намалување на ризикот од несреќи и катастрофи.

## Обука за следна генерација на систем за командување и управување со инциденти“ (NICS) во Струмица

**На ден 22.10.2018 година во Хотел Сириус - Струмица, во организација на Центарот за управување со кризи, од страна на Групата за имплементација на проектот беше извршено практична обука за користење на апликацијата /веб-базирната платформа „Следна генерација на систем за командување и управување со инциденти“ (Next Generation Incident Command Sistem-NICS), со претставници од институциите во Југоисточниот плански регион на локално ниво, кои се директно вклучени за дејство при случени појави или настани.**



**Проектот беше претставен на сите претставници кои го сочинуваат системот за управување со кризи во Југоисточниот плански регион и тоа Регионалните центри за управување со кризи, Единиците на локалната самоуправа, Територијалните противпожарни единици, Дирекцијата за заштита и спасување, Итната медицинска помош, Црвениот крст, Секторот за внатрешни работи – Полициски станици, и др. Во иднина се планирани и обуки за користење на апликацијата и имплементирање на истата на локално ниво.**

# Симулациска вежба ТОКСИЧЕН ШТИТ – 2018



Во домот на АРМ во Скопје. денес и утре се одржува симулирана штабна вежба за националната стратегија на Македонија за борбата против оружје за масовно уништување (ОМУ) ТОКСИЧЕН ШТИТ – 2018. Целта на симулациските вежба е да ја процени и да ја потврди ефикасноста на стратегијата на Македонија за борба против ОМУ и нејзините составни компоненти.

Во својот говор по повод отварањето на вежбата, директорот на ЦУК м-р Агрон Буџаку, изразувајќи ја својата благодарност во името на Владата на Р. Македонија меѓудругото истакна:

„Кога станува збор за “Стратегијата за справување со пролфиерација на оружје за масовно уништување и заштита од ХБРН закани”, можеби ние денес ќе немавме прилика да зборуваме на оваа тема и помалку да организираме Симулирана вежба за евалуација на истата, доколку Р. Македонија не беше вклучена во Програмата за регионална поврзаност во спречување на пролиферација на ОМУ која се реализира на иницијатива на Центарот за регионална безбедносна соработка - РАКВИАК, а финансиски и експертски беше поддржана од страна на Командата на Армијата на САД за Европа (US EUCOM) и Агенцијата за одбрана и редукција на закани (DTRA-Defense Threat Reduction Agency), исто така од САД.



Укажувајќи дека „современата цивилизација се соочува и со големи предизвици и ризици, кои длабоко навлегуваат во зоната на асиметричност, непредвидливост и располагаат со извонредно голем потенцијал за загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина, материјалните, културните и други богатства и вредности.“, директорот на ЦУК ќе посочи дека „заради сериозната комплексност на современите безбедносни предизвици, неопходна е соработката помеѓу сите одговорни чинители, како на национално, така на регионално и глобално ниво.“




На крај од своето обраќање директорот м-р А. Буџаку на учесниците им посака „успешна реализација на поставените цели со оваа Симулирана вежба, успешно споделување на искуства и знаења со претставниците на тимот од САД, како и нотифицирање на сите работи кои дополнително треба да се вклучат или усогласат во рамките на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата!“

Инаку, со прифаќањето и развивањето на меѓународните документи и обврски, Република Македонија потврдува дека е одговорен член на Обединетите нации и во континуитет придонесува во имплементацијата на фундаменталните принципи за мир, стабилност и безбедносна соработка во светот.



## Локализиран пожар во еден од магацините на фабриката Сувенир

**ЦУК, 03.09.2018 - Во текот на вчерашниот ден, околу 16:00 часот забележана е експлозија во еден од магацините во фабриката Сувенир (која е во приватна сопственост) во с.Самоков во кој се чувало школска муниција. Од експлозијата настанал пожар во магацинот. Екипа на ТППЕ Македонски Брод заедно со вработените во службата за обезбедување во фабриката пожарот го ставиле под контрола околу 19:45 часот. Екипа на ТППЕ Македонски Брод превентивно во текот на ноќта останаа да дежура на местото на пожарот.**

## Локализиран шумскиот пожар кај м.в.Рамница – Ново Село

**ЦУК, 04.09.2018 - Од ТППЕ Струмица известуваат дека во текот на вчерашниот ден, околу 19:50 часот се појавил шумски пожар кај м.в. Рамница - Ново Село. Во гаснењето на пожарот интервенираат 5 пожарникари со 2 ПП возила и 4 вработени од ШС „Беласица“ - Струмица. Заради силниот ветер пожарот го сменил правецот и зафатил поголема површина. Утрово околу 06:30 часот пожарот е ставен под контрола. Зафатена е поголема површина од деградирана шума и прнар.**

## Локализиран шумскиот пожар кај Ново Село

**ЦУК, 05.09.2018 - Од ТППЕ Струмица известуваат дека пожарот кој започна во 19:35 часот на ден 03.09.2018 година кај с.Ново Село е локализиран во 18:30 часот на ден 04.09.2018 година. Опожарени се околу 3 хектари обраснати ниви со смрека, капини и бел габер на пониските места. Во гаснењето на пожарот во текот на денот интервенирале 3 пожарникари со 1 ПП возило од ТППЕ Струмица и 3 вработени од ШС „Беласица“ – Струмица.**

## Локализиран пожар во атарот на с.Штука

**ЦУК, 07.09.2018 - Во текот на вчерашниот ден, околу 14:00 часот бил пријавен пожар во атарот на с.Штука. Со пожарот првично била зафатена сува трева но подоцна истиот се проширил и зафатил и смрека и прнар. Итервенирале вработени во ШС „Беласица“ и екипи на ТППЕ Струмица. Пожарот е локализиран околу 19:00 часот. Од ШС била оставена екипа на терен. Утрово повторно е испратена екипа од ШС и ТППЕ за контрола на теренот.**

## Активен пожарот помеѓу селата Јарголица и Покрајчево 16.09.2018

**ЦУК, 16.09.2018 - Помеѓу селата Јарголица и Покрајчево кон местото викано Готен има активен пожар. Со пожарот е зафатена нискостеблеста деградирана шума. Пожарот е на непристапен терен. Интервенирано е од страна на ТППЕ Радовиш и екипа од ШС. Со гаснење на попжарот се продолжи од 06:00 часот и се ангажирани екипи од ТППЕ Радовиш, вработени од ШС Плачковица и ТППЕ – Струмица. Пожарот е активен и има тенденција да се шири према с.Злеово.**
**Објавено: 16 Септември 2018**

## Пожар зафати деградирана шума кај м.в.Злеовска брана 17.09.2018

**ЦУК, 17.09.2018 -Во текот на вчерашниот ден, пожарот помеѓу селата Јарголица и Покрајчево према м.в.Готен е изгаснат. Интервенираа екипи од ТППЕ Радовиш и вработени од ШС Плачковица.**
**Од 12:00 часот кај с.Јаргулица према с.Злеово кај м.в. Злеовска брана се интеревнираше на запалена нискостеблеста и деградиран шума. Во гаснење на пожарот учествуваат екипи на ТППЕ Радовиш и ШС Плачковица. Пожарот е активен и од 06:00 часот на ден 17.09.2018 година екипите на ТППЕ Радовиш и вработени од ШС Плачковица продолжуваат со гаснење на пожарот.**

## Пожарот во атарот на с.Асамати сеуште е активен 18.09.2018

**ЦУК, 18.09.2018 - Пожар во атарот на с.Асамати кој започна во 16:50 часот на ден 16.09.2018 година сеуште е активен. Опожарени се трска и јаболкови овошни насади на површина од околу 20 хектари. Во текот на денот интервенирале ТППЕ Ресен со 7 пожарникари и 4 ПП возила и 4 ренџери.**
**Објавено: 18 Септември 2018**

## Силен ветер предизвика прекини на струјата во повеќе региони

**ЦУК, 25.09.2018 - Скопскиот регион - Во текот на вчерашниот ден силниот ветар во Скопскиот регион предизвика да паднат кровови, дрвја, поголеми гранки, бандери, а и да се појават повеќе шумски пожари во Скопско. Поради тоа одржана е вонредна седница на Кризниот штаб на Град Скопје на којашто присуствуваа сите надлежни структури од СУК за Град Скопје.**

**Договорено е сите структури да превземат активности во рамки на нивните ингеренции и задачи и можности, дека ќе се активираат сите ресурси што се на располагање на Град Скопје, а и дека ДЗС ќе ја следи состојбата и ќе се активира согласно потребата.**

**ЕВН Македонија известуваат дека поради силниот ветер, а некаде заради шумски пожари, без електрична енергија сеуште се корисниците од населените места Кучково, Ново Село, Никиштани , Бојане и Оращје, Дворце, Пакошево, станица Зелениково, Ново Село, Страхојадица, Смесница, и Летевци. Екипите на ЕВН се на терен и работат на отстранување на дефектите.**

**Велешки регион - ЕВН Македонија известува дека во текот на вчерашниот ден во велешкиот регион заради невреме проследено со силен ветер околу 16:50 часот скинати се жици од далновод и без електрична енергија се потрошувачите од селата Оризари, Клуковец и други села од тој дел. Заради дефект од 15:30 часот без електрично напојување останале потрошувачите од селата: Богомила, Теово, Извор, Јасеново и Стари Град.**

**Кумановски регион - Во текот на вчерашниот ден како последица на силниот ветер во попладневните часови без електрична енергија останале потрошувачите од с.Биљановце, с.Пчиња м.в. Краста, с.Студена Бара, с.Романовце, Агино Село, с.Доброшане, с.Проевце, с.Зелен Рид и с.Шупли Камен.**

## Пожарот во атарот на село Нов Иственик повторно е активен

**ЦУК, 25.09.2018 - Од ШС „Голак“ - Делчево известуваат дека пожарот кој избувнал на ден 24.09.2018 година околу 18:15 часот во атарот на село Нов Иственик, маало Пасјак, м.в.Борисова чешма, во кој горела сува трава, смрека и борова шума, повторно е активен. Инаку пожарот бил локализиран од вработени на ШС „Голак“ на ден 25.09.2018 година, околу 10:00 часот. Според последните информации од ШС Голак, пожарот повторно е активен Со гасење ќе се продолжи во текот на ден 26.09.2018 година.**

## Пожарот во атарот на с.Рлевци сеуште е активен

**ЦУК, 28.09.2018 - Во текот на вчерашниот ден дојде до пожар на отворен простор во атарот на с.Рлевци, при што беше зафатена разновидна шума. Во гаснење на пожарот учествуваа ТППЕ Велес со 5 пожарникари со 1 м/в и 1 шумар. Пожарот сеуште е активен и денес ќе биде пратена екипа од ШС Бабуна за да интервенира на пожарот. Објавено: 28 Септември 2018**

## Дојава за активен пожар према акумулација Глажња

**ЦУК, 01.10.2018 Во текот на вчерашниот ден (30.09.2018), во вечерните часови добиена е дојава за активен пожар помеѓу Малино маало и Русинско маало према акумулација Глажња, за што се известени ШС Куманово и ДЗС Куманово. Теренот е планински и тешко пристапен и се очекува да се интервенира во текот на денешниот ден.**

## Врнежи од град го зафати атарот на с.Избиште во Општина Ресен

**ЦУК, 09.10.2018 - Во текот на вчерашниот ден околу 14:30 часот атарот на с.Избиште во Општина Ресен, беше зафатено со врнежи од град во времетраење од 10 минути. Зафатената површина и причинетите материјални штети дополнително ќе бидат утврдени.**

## Пожар во атарот на селата Смоимирово и Чифлик

**ЦУК, 14.10.2018 - Од ТППЕ – Берово известуваат дека во текот на вчерашниот ден интервенирале на запалена борова и нискостеблеста шума во атарот на селата Смоимирово и Чифлик-опш.Берово. Во гасење на пожарот интервенирале и екипи од ТППЕ-Пехчево и ТППЕ-Виница, потоа вработени од ШС Берово и лица од месното население. Поради опасност од повторно жариште, ТППЕ-Берово се на терен и ја контролираат состојбата Објавено: 14 Октомври 2018**

## Пожарот во атарот на село Белица ставен под контрола



**ЦУК, 15.10.2018 - Од ТППЕ Кичево известуваат дека во текот на вчерашниот ден, од 15:45 до 21:00 часот нивна екипа и вработени од ШС „Лопушник“ Кичево интервенирале на запалена сува трева и смрека во атарот на с.Белица накај Демир Хисар. Околу 00:50 часот екипа на ТППЕ Кичево повторно интервенирала на пожарот и истиот е ставен под контрола но сеуште е активен. Утрово се организира екипа од ШС „Лопушник“ Кичево за гаснење на пожарот. РЦУК Кичево е во координација со ДЗС Кичево и ТППЕ Кичево ако има потребата за ангажирање на дополнителни сили за гаснење на пожарот.**

## Пожарот во атарот на село Белица е локализиран

**ЦУК, 15.10.2018 - Од ТППЕ Кичево известуваат дека во текот на вчерашниот ден нивна екипа и вработени од ШС „Лопушник“ интервенирале во жариштето на пожарот во атарот на с.Белица накај Демир Хисар и истиот бил локализирани. После 14:00 часот дошло до повторно активирање на пожарот и упатена била екипа за контрола на теренот, за доколку има потреба да се интервенира.**

## Локализирани пожарите во атарот на село Белица

**ЦУК, 17.10.2018 - Сите пожари што избувнаа во атарот на село Белица се локализирани и спречено е нивно натамошно ширење. Била зафатена сува трева, нискостеблеста шума и грмушки.**

## Пожар во атарот на с.Љубанци

**ЦУК, 18.10.2018 - Од БППЗ на град Скопје известуваат дека во текот на вчерашниот ден од 11:20 часот нивна екипа интервенира поради запалена мешана шума на неутврдена површина во атарот на с.Љубанци. Пожарот сеуште е активен (опш.Бутел).**

## Пожар во атарот на с.Љубанци сеуште активен

**ЦУК, 19.10.2018 - Од БППЗ на град Скопје известуваат дека пожарот кој започна околу пладне на ден 17.10.2018 година помеѓу селата Љубанци и Љуботен, во текот на вчерашниот ден (18.10.2018 г.) е проширен над Рамно на место викано Црн Камен и е сеуште активен. Со пожарот е зафатена букова шума на неутврдена површина. Во текот на денот во негово гаснење интервенирале екипа на БППЗ и вработени во ШС Караџица.**

## Активни пожари во Струшко

**ЦУК, 27.10.2018 - Од ЈПШС „Јабланица“ Струга информираат дека во текот на вчерашниот ден нивни вработени интервенирале на шумски пожар над с.Локов каде што била зафатена шума и смрека. Пожарот не бил целосно локализиран. Исто така нивни вработени и мештани интервенирале на шумски пожар кај с.Татеши. Двата пожари се сеуште активни со помал интензитет, а екипи на ЈПШС „Јабланица“ Струга се на терен и ја следат состојбата.**

## Пожарот во атарот на с.Татеши сеуште е активен

**ЦУК, 28.10.2018 - Во текот на вчерашниот ден (27.10.2018), од попладнето екипа на ШС „Лопушник“ Кичево интервенирала на запалена нискостеблеста шума и бука во атарот на с.Татеши. Пожарот е сеуште активен. Во утринските часови дежурната екипа ќе излезе повторно на терен.**

## Пожарот во близина на с.Штавица - Прилепско е локализиран

**ЦУК, 28.10.2018 - Од ТППЕ - Прилеп известуваат дека пожарот на Селечка Планина во непосредна близина на с.Штавица - Прилепско од 30.11.2018 година, во текот на вчерашниот ден е локализиран околу 12:00 часот. Се работи за приземен пожар во борова шума каде горело лисната постилка на површина од околу 3 Ха. Во гаснењето на истиот учествувале екипи од ТППЕ - Прилеп и Македонски шуми ЈП „Црн Бор“ - Прилеп. Од страна Македонски шуми ЈП „Црн Бор“ - Прилеп оставена е група од неколку вработени заради контрола на теренот.**



## Во битолско безбедно подигнати гранати од Првата светска војна

**ЦУК, 03.09.2018 - Во атар на с.Крклино пронајдени се две артилериски не експлодирани гранати од Првата Светска Војна. Едната граната е 75 мм, а другата 125 мм. Интервенирано е од стручно лице од ДЗС Битола и гранатите се безбедно подигнати. Исто така, во атар на с.Братиндол кај хотел Амбасадор пронајдена е една артилериска граната 75 мм од Првата Светска Војна и истата е подигната околу 11:55 часот од страна на стручно лице од ДЗС Битола.**

## Отстранети гранати од Првата светска војна

**ЦУК, 07.09.2018 -** Од СВР Битола известуваат дека од страна на овластен пиротехничар од ДЗС Битола биле подигнати две неексплодирани убојни средства (НУС): 1) артилериска граната 122мм од Првата светска војна во близина на с.Плетвар (опш.Прилеп) и 2) артилериска граната 75мм од Првата светска војна во с.Брод (опш.Новаци)

## Подигната граната од Првата светска војна во Битола

**ЦУК, 25.09.2018 -** Од ДЗС Битола известуваат дека при изведување на земјени работи во кругот на фирмата ДОО Цермат Битола пронајдено е НУС – една артилериска граната 122 мм од Првата светка војна. Гранатата е подигната и сместена во магацин на ДЗС Битола

## Отстранета авионска бомба од индустриската зона „Чојлија“

**ЦУК, 05.10.2018 -** Во Индустриската зона „Чојлија“ при ископ со багер била пронајдена бомба. За ова од страна на РЦУК Скопје известено е овластено лице од ДЗС за понатамошна постапка. Од ДЗС известија дека бомбата е отстранета и дека се работи за бетонска авионска бомба тешка 70 килограми.

## Подигната граната од Првата светска војна во Битола

**ЦУК, 27.10.2018 -** Од ДЗС Битола известуваат дека во близина на поранешната касарна во Битола, во непосредна близина на зградата Јуриј била пронајдена артилериска граната 75 мм од Првата светска војна. Истата била подигната од пиротехничар од ДЗС и безбедно складирана во нивни магацин.

## Регистриран земјотрес од преспанското епицентрално подрачје

**ЦУК, 13.09.2018 - Од Сеизмолошката опсерваторија известуваат дека телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 11.09.2018 година, во 20:00 часот, регистрираше земјотрес кој потекнува од преспанското епицентрално подрачје. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 3.3, а беше почувствуван од населението во Охрид, Ресен и непосредната околина со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала.**

## Почувствуван земјотрес на целата територија на Република Македонија

**ЦУК, 27.10.2018 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно - математичкиот факултет во Скопје, од 26.10.2018 година ја следи сеизмичката активност и регистрира повеќе земјотреси кои се наоѓаат на 550 км југозападно од Скопје, во соседна Грција во подрачјето на субдукционата зона западно од полуостровот Пелопонез. Најсилниот земјотрес се случи во 00:54 часот и беше со Рихтерова магнитуда од 6.8.**
**Земјотресот беше почувствуван и на цела територијата на Република Македонија особено на повисоките катови со интензитет од III-IV степени според Европската макросеизмичка скала.**

**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

**Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија**
**Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол**
**Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје**

**контакт:** тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
**веб:** www.cuk.gov.mk
**e-mail.** mail@cuk.gov.mk